Фондација за развој на образование и култура Албиз
Ул.20 бр.97 Сарај, 1000 Скопје
тел/факс:+389 (0)2 2057 632
info@albiz.org.mk www.albiz.org.mk
ЕДБ: 4075011501499 ЖС: 250020000104870-Шпаркасе банка

Врз основа на член 2 од Правилникот за набавки на Фондацијата за развој на образованието и културата Албиз (02-0204/2493) Извршниот директор на Фондацијата Албиз го донесе следново:

**ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА**

**Асистент на проект во рамките на Проектот „Оспособување за вработување и претприемништво**

### 1. Договорен органи

Фондација за развој на образование и култура Албиз, со седиште на ул. 20 бр.97, Сарај, 1000 Скопје, спроведувач на проектот „Оспособување за вработување и претприемништво“.

### 2. Позадина на проектот

Проектот „Оспособување за вработување и претприемништво“, подржан од финансиран од Европската Комисија и Министерство на Финансии на Република Србија, Сектор за договарање и финансирање на ЕУ програми - Управен Орган на Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Србија и Република Северна Македонија.

Главна цел кон која проектот се стреми да придонесе е „Придонес за подобрување на вештините и создавање можности за вработување во перспективни сектори“; додека специфична цел која проектот ќе се стреми да ја исполни е „Зголемување на вработливоста на работоспособното население на младинската група НЕЕТ (Not in Education, Employment, or Training)

Целни групи на проектот се: (1) Доменително население на целните општини со посебен фокус на младите и лицата во ризик, лицата во неповолна положба или лицата кои се исклучени од пазарот на труд најмногу од NEET. (2) Општините Сарај, Ѓорче Петров, Бутел и Чучер Сандево од Република Северна Македонија и градот Лесковац и општините Лесковац, Бојник, Лебане и Власотинце од РЕпублика Србија - и нивните локални агенции за вработување / совети / институции.
Крајни корисници на проектот се: локално население, локални институции и локални (социјални) бизниси од целните ЕЛС, како и социјално одговорни компании“

**3. Предмет на договорот за набавка**

Предмет на договорот е ангажирање на Асистент на проект во рамките на Проектот „Оспособување за вработување и претприемништво„

**4. Услови и критериуми за учество на повик:**

- Високо образование во областа на општествените науки или друг соодветен факултет;
- Познавање и искуство во спроведување на проекти;
- Работно искуство на иста или слична позиција;
- Познавање на административна и канцелариска работа;
- Познавање и користење на апликациите на Microsoft Office (Word, Excel, Outlook, PowerPoint);
- Одлично познавање на англиски јазик (зборување и пишување);
- Силни административни и организациски вештини, како и флексибилен пристап за работа;
- Понудувачи може да бидат само физички лица. Понудувачот е потребно да поседува професионална способност за вршење на дејноста.

**5. Рок на испорака**

Испораката на услугата треба да се изврши во рок период од 14.08.2023 до 30.06.2024 година.

**6. Задачи и обврски**

- Координација на проектните активности;
- Комунуникација со проектните партнери и други соработници;
- Организирање на обуки и сесии за НЕТ група;
- Подготовка на извештаи за потребите на проектот;

Заинтересираните кандидати за работната позиција потребно е да достават апликација составена од кратка биографија (CV) во word или pdf формат, пракачена на самиот e-mail. Рокот за пријавување е 24.07.2023 до 07.08.2023 до 16:00 часот на следната е-маил адреса: info@albiz.org.mk со наслов: „За проектен асистент“

**7. Услови и начин на плаќање**

Плаќањето на договорената вредност на набавката е по испорачување на услугата во разумен рок, по прием на временски лист која ја доставува понудувачот.

**8. Критериуми за доделување на договор**

Критериум за доделување на договор е според следниве критериуми.

| Критериуми | Вкупен број на бодови |
|---|---|
| *Квалификација на добавувач* | 40 |
| *Искуство* | 40 |
| *Вештини* | 50 |
| Збир на бодови | 100 |

**9. Известување на понудувачите**

Ќе бидат повикуван на интервју само понудувачите кои ги исполнуваат условите наведени на овој повик.

**Скопје, 24.07.2023 година**

Бесир Дерњани

Извршен директор